РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 04-1043/14
07.08 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 112/20, 215/21, 99/2022, 208/24 и 210/24), член 15 од Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-675/4 од 26.05.2015, бр.01-1507/08 од 30.12.2016, бр.01-232/7 од 06.04.2017, бр.01-500/11 од 03.05.2018, бр.01-870/7 од 26.06.2019, бр.01-260/5 од 30.03.2021, бр.01-756/3 од 31.05.2022, бр.01-1080/9 од 25.07.2023 година и 01-1039/3 од 04.08.2025 година) и член 8 став (1) точка и) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013, бр.02-13/5 од 22.01.2014, бр.02-1316/4 од 11.11.2014, бр.02-83/3 од 30.01.2015, бр.02/1259/6 од 27.11.2018, бр.02-464/6 од 29.03.2019 и бр.02-507/4 од 30.03.2023 година) претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на ден 06.08.2025 година донесе

# ОДЛУКА

## за вршење избор на кандидат по објавен оглас за унапредување на административен службеник

1. Во врска со интерниот оглас бр.3-2025 од 01.08.2025 година за пополнување на работно место со унапредување на админстративен службеник објавен на ден 01.08.2025 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за работното место: Главен советник на Претседателот на Советот на експерти за развој на капитално финансираното пензиско осигурување и институционална соработка, шифра: МАП0101В01005, - еден (1) извршител, се изврши избор на кандидатот Марија Поповска.

2. Одлуката со која се врши избор стапува на сила со денот на нејзиното објавување на веб страната и огласната табла на Агенцијата за супервизија на капитално фнансирано пензиско осигурување.

## Образложение

Согласно член член 52 став (1) од Законот за административни службеници на ден 01.08.2025 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување објавен е интерен оглас бр.3-2025 година за пополнување на работно место со унапредување на административен службеник за работното место - Главен советник на Претседателот

на Советот на експерти за развој на капитално финансираното пензиско осигурување и институционална соработка, шифра: МАП0101Б01005–1 извршител.

Административниот службеник Марија Поповска, вработена на работно место–Раководител на одделение за следење и анализа на пензискиот систем и меѓуинституционална соработка, поднесе пријава бр. 04-1043/4 од 05.08.2025 година на интерен оглас бр.3-2025. Согласно член 48 од Законот за административни службеници, кон пријавата во прилог беа доставени потребните докази.

Претседателот на Советот на експерти, со решение бр.04-1043/8 од 06.08.2025 година формира Комисија за селекција за унапредување составена од двајца членови и нивни заменици од МАПАС и еден член и негов заменик од Агенција за администрација.

На ден 06.08.2025 година Комисијата за селекција за унапредување спроведе постапка за административна селекција и интервју на која беше констатирано дека единствениот кандидат Марија Поповска ги исполнува условите за унапредување согласно закон.

Врз основа на горенаведеното, претседателот на Советот на есперти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од денот на доставувањето на Одлуката, до Агенцијата за администрација.

Подготвил: Татјана Милојевиќ

Проверил: Татјана Стефановска

Претседател на Советот на експерти,
Remzi Bajrami